09.01.2017г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Митко Андреевски, преку полномошник адвокат Филип Медарски, за текстовите објавени во дневниот весник "Вечер" со наслови: "Партиски пајташ на Заев зема милиони од струмичани преку гасовод" објавен на 16.11.2016 година, "Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за три години!" објавен на 17.11.2016 и "Тендерскиот скандал на Заев и неговиот сопартиец Андреевски ќе го чешла антикорупциска!" објавен на 18.11.2016 и соодветно објавени на Интернет порталот на весникот.**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 3 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Член 3.

*“Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.”*

Член 13.

*“Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.”*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 12.12.2016 година, Митко Андреевски, преку полномошник адвокат Филип Медарски, поднесе жалба за текстовите објавени во дневниот весник "Вечер" со наслови: "Партиски пајташ на Заев зема милиони од струмичани преку гасовод" објавен на 16.11.2016 година, "Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за три години!" објавен на 17.11.2016 и "Тендерскиот скандал на Заев и неговиот сопартиец Андреевски ќе го чешла антикорупциска!", објавен на 18.11.2016 и соодветно објавени на Интернет порталот на весникот.

Во жалбата се наведува дека во текстовите известувањето е неточно и нефер, не е застапена втората страна и има елементи на навреда и клевета. Жалителот во прилог достави и доказ Барање за демант извинување и јавно повлекување на текстови, за кое тврди дека било доставено до гл. и одг. уредник на весникот, а приложи и потврди за прием на поштенски пратки.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со весникот Вечер и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Оттаму не испратија одговор.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстовите е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата го зеде предвид и :

**Член III од Декларацијата за слободата на политичка дебата во медиумите** (усвоена од Комитетот на министри на 12 февруари 2004 година, на 872-от состанок на претставниците на министрите на Советот на Европа), во кој се вели дека политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предмет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надзор

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

на јавноста и на потенцијално силна јавна критика по пат на медиумите, во поглед на начинот на кој ги извршувале и ги извршуваат своите функции.

**Член IV (Јавен надзор над функционери) од истата Декларација,** во кој се вели дека функционерите мораат да го прифатат фактот дека, особено преку медиумите, се подложни на јавен надзор и критика во однос на начинот на кој ја извршувале или ја извршуваат својата функција, во мера во која е потребно за обезбедување транспарентно и одговорно вршење на нивните функции.

**Пресудата на ЕСЧП Dichand and others v. Austria од 26 февруари 2002 (Апликација бр. 29271/95),** каде што Судот прифати дека дури и многу остри зборови не ја поместуваат критиката надвор од границите на заштитата од член 10. Така, Судот го смета следново:

Член 10 ја штити не само суштината на идеите и на информациите што се искажани, туку и формата во која се пренесени. Слободата на новинарите, исто така, вклучува и можно движење до степен на претерување, па дури и провокација.

**Член 16 од Уставот на РМ во кој се вели дека:**

Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.
Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.
Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.
Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. **Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.** Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање.
Цензурата е забранета.

**Член 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација) во кој се вели дека:**

1.Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавена информација во која се наведуваат неточните факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и други организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

2. Барањето за објавување на исправка се поднесува до одговорниот уредник на издавачот на медиум во писмена форма во рок од 30 дена од денот на објавувањето на информацијата на која се однесува исправката. Барањето мора да биде образложено и потпишано од страна на подносителот на исправката и да ги содржи сите потребни податоци за подносителот на исправката, како и неговата адреса.

3. Во исправката на објавена информација, покрај исправка на погрешните тврдења или неточните наводи во објавената информација, може да се изнесуваат факти и околности со кои подносителот на исправката ги побива или битно ги дополнува наводите во објавената информација.

**Член 18 од истиот Закон (Објава на исправка) во кој се вели дека:**

1. Исправката се објавува, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата. Исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува. Исправката може да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. Исправката мора да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се работи за исправка. Исправка без согласност на подносителот на барањето на исправката не смее да се објавува меѓу реакции или писма на читателите, односно гледачите или слушателите.

***

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

На седницата на 26.12.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведените текстови. Најпрво, членовите на Комисијата констатираа дека се работи за три аналитички текстови во низа и за исти околности, според што одлучија текстовите да ги спојат во еден предмет и мериторно да одлучат во целина.

Комисијата најде дека сите три текстови се во согласност со јавниот интерес, бидејќи со нив се врши анализа за работата на политичари и функционери, во конкретниот случај на градоначалникот на Општина Струмица и лидер на партијата СДСМ - Зоран Заев, на Митко Андреевски, претседател на Комисијата за енергетика на СДСМ и управител на друштвото СИ ЕН ЏИ СИСТЕМС ДООЕЛ-увоз извоз Скопје и на директорот на ЈП за енергетски дејности "Струмица гас" Зоран Китанов.

Поради нивната политичка и функционерска дејност тие, во согласност со Декларацијата на Советот на Европа за слободата на политичката дебата, се подложни на јавен надзор и критика во поглед на начинот на кој ја извршувале или ја извршуваат својата функција, во онаа мера во која што е потребно за обезбедување транспарентно и одговорно вршење на нивните функции, па оттука тие не би требало да уживаат поголема заштита на угледот и други права отколку обичните поединци (чл. III, IV и VI од Декларацијата)

Комисијата, исто така, констатираше дека авторот во текстовите "Партиски пајташ на Заев зема милиони од струмичани преку гасовод" објавен на 16.11.2016 година, "Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за три години!" објавен на 17.11.2016 го употребува терминот **"Пајташ"** кој се однесува на Андреевски.

Во согласност со Речникот на македонскиот јазик терминот "Пајташ" е архаизам, пејоратив остаток во македонскиот јазик од турскиот збор pâydâş кој означува **другар, пријател, соучесник.** Иако овој збор нема навредлива содржина како таков, на новинарот, сепак, му останува правото да употребува и поостри зборови, да претерува и провоцира, се' со цел да го сврти вниманието на јавноста кон заштитата на јавниот интерес (Пресуда на ЕСЧП Dichand and others v. Austria)

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

При одлучувањето, Комисијата констатираше дека нејзините членови не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во текстот, односно нивна надлежност е да ја анализираат примената на етичките и професионални стандарди при создавањето на новинарскиот производ.

Оттука, Комисијата најде дека авторот на текстовите "Партиски пајташ на Заев зема милиони од струмичани преку гасовод" објавен на 16.11.2016 година и "Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за три години!" објавен на 17.11.2016 **постапил БЕЗ потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија** и иако за своите тврдења побарал став од Општина Струмица не им дал можност на сите засегнати страни да го кажат својот став, **односно конкретно не побарале став и од жалителот Андреевски**. Постулат на новинарската професија е дека кога се изнесуваат сомневања и каде што се инволвирани повеќе лица кои што се предмет на критика, задолжително треба да се побара став од сите наведени лица. Доколку не е можно да се обезбеди став од сите инволвирани, тоа стриктно мора да се наведе. Од приложените докази, а и од реченицата "**Андреевски вчера во демант вели дека не се точни информациите дека добил два тендери од Струмица, но податоците од Бирото за јавни набавки го потврдуваат она што го објави Вечер**" објавен на 18.11.2016 може да се констатира дека Андреевски испратил демантдо весникот "Вечер", кој бил примен, но авторот објавил само дека е пристигнат демант со кој се побиваат објавените информации.

Со необјавувањето на демантот (исправката) во согласност со новинарските стандарди, но и онака како што пропишуваат чл. 17 и 18 од Законот за медиуми, авторот и весникот повторно **НЕ постапиле со потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија**.

Иако исправката е уставно загарантирано право, медиумот му го ускратил ова право на Андреевски и објавил само дека пристигнал демант со кој се негираат информациите.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Должност на медиумот била исправката да ја објави, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата. Исправката не смеела да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува. Исправката можела да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. Исправката морала да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се работи за исправка. Исправката без согласност на подносителот на барањето на исправката не смее да се објавува меѓу реакции или писма на читателите.

Понатаму, Комисијата најде и дека во два од трите текста не е разграничено што се факти и информации, а што претпоставка или став на авторот.

Во текстот "Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за три години!" објавен на 17.11.2016 авторот наведува: **"Тендерските комбинации на Заев, неговите роднини и сопартијци не се ништо ново за струмичани. Медиумите ја објавија целата тендерска мрежа на струмичкиот градоначалник преку која милиони евра пари на струмичани завршувале во фирмите на Вицето, но и таткото, чичкото, стрините и блиските пријатели на кланот Заеви".**
На овој начин, а врз основа на претходно изнесените тврдења во самиот, авторот својот став го прикрива како факт и информации, со што ја дезинформира и манипулира публиката. За ова тврдење, авторот не наведува веќе познат, конкретен, факт.

Во текстот "Тендерскиот скандал на Заев и неговиот сопартиец Андреевски ќе го чешла антикорупциска!" објавен на 18.11.2016 авторот наведува: **"Тендерскиот скандал на Заев со неговиот партиски претседател на Комисијата за енергетика е само еден во низата тендери кои Заев ги делел на своите роднини, пријатели и сопартијци. Медиумите веќе објавија цела мрежа тендери кои Заев му ги давал на својот брат, татко, чичко, братучеди и партиски послушници при што од џебот на граѓаните на општина Струмица биле извлечени милиони евра".**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

На овој начин, а врз основа на претходно изнесените тврдења во самиот текст, авторот, исто така, својот став го прикрива како факт и информации, со што ја дезинформира и манипулира публиката. И за ова тврдење авторот не наведува веќе познат, конкретен, факт.

***

Поради горенаведеното, Комисијата за жалби најде дека со спорните **текстови објавени во дневниот весник "Вечер" со наслови: "Партиски пајташ на Заев зема милиони од струмичани преку гасовод " објавен на 16.11.2016 година, "Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за три години!" објавен на 17.11.2016 и "Тендерскиот скандал на Заев и неговиот сопартиец Андреевски ќе го чешла антикорупциска!" објавен на 18.11.2016 и соодветно објавени на Интернет порталот на весникот,** прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно. **Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.**

Комисијата констатира дека е прекршен член 3, според кој новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата. **Моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди објавување на демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена, а чијшто автор е тој. На тој начин новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи.**

Сите грешки мора да се потврдат и коригираат. Признавањето на грешката е доблест, а нејзиното прикривање е неспоиво со професионалното достоинство и интегритет.

Комисијата заклучи дека е прекршен член 13, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. **Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.**

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

**Се обврзуваат весникот "Вечер" и порталот на весникот (www.vecer.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595